**УЖ-2.бр.571/2020**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Дијана Димитрова и Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за превоз, трговија и услуги СТЕЛА БУС ДООЕЛ увоз- извоз од село Оброшани, Кривогаштани, изјавена преку полномошник Верица Паневска, адвокат од Прилеп против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.345/2020 од 07.05.2020 година, за јавни набавки, на седница на советот одржана на ден 11.05.2021 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Друштво за превоз, трговија и услуги СТЕЛА БУС ДООЕЛ увоз- извоз од село Оброшани, Кривогаштани, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.345/2020 од 07.05.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци по жалба во износ од 22.640,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.345/2020 од 07.05.2020 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Друштво за превоз, трговија и услуги СТЕЛА БУС ДООЕЛ увоз- извоз од село Оброшани, Кривогаштани, изјавена против став 3 од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-59/6 од 20.01.2020 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот преку полномошник Верица Паневска, адвокат од Прилеп, поради сторени суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и побиваната пресуда се преиначи на начин што тужбеното барање се усвои и тужениот се задолжи да му ги надомести

трошоците предјавени како со тужбата, така и за судски такси за жалба и состав на жалба или вкупно 33.020,00денари.

Тужениот орган поднесе одговор на жалба во кој наведува дека останува при наведеното во образложението на побиваното решение.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите приложени кон предметот, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучувајќи по поднесената жалба на жалителот Друштво за превоз, трговија и услуги СТЕЛА БУС ДООЕЛ увоз - извоз од село Обршани, Кривогаштани, донела Решение бр. 09-59/6 од 20.01.2020 година, со кое со став 1 од диспозитивот, жалбата ја уважила, со став 2 од диспозитивот – ја поништила Одлуката за избор на најповолната понуда од 25.12.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.12073/2019 за набавка на услуги - групна јавна набавка за Посебен линиски превоз на ученици од средните училишта во Општина Прилеп од населените места и обратно на договорниот орган СОУ Гимназија „Мирче Ацев"- Прилеп. Со став 3 се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ од 9.000,00 денари на име адвокатски трошоци во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Со став 4 Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Според став 6, Договорниот орган е должен да постапи согласно одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија за жалби по јавни набавки во одлуката.

Незадоволен од решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-59/6 од 20.01.2020 година во однос на определените трошоци во жалбената постапка, тужителот повел управен спор пред Управниот суд кој постапувајќи по тужбата донел пресуда У-5.бр.345/2020 од 07.05.2020 година, со која ја одбил како неоснована тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган правилно го применил материјалното право.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и истата содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесувањето на одлуката и е во согласност со Законот за јавните набавки.

Имено, согласно член 166 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019), во постапката пред Државната комисија секој странка претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија. Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат. Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесувањето на решението. Странката која ја покренала постапката, а на чија штета постапката е завршена, е должна на спротивната страна да и ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на повлекување или отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата е должен на договорниот орган да му ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојувањето на жалбата. Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Согласно член 8 глава 1 алинеја 9 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите и Одлуката за измена и дополнување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (Службен весник на РМ бр.13/2017 и 262/2019), за управна постапка наградата изнесува 6.000,00 денари.

Согласно глава IV став 2 од Тарифата, е пропишано дека за писмени совети наградата изнесува 50 % од соодветната награда за писмен состав и саатнина од 20% за секој започнат час.

Вишиот управен смета дека во конкретниот случај, Државна Комисијата за жалби по јавни набавки правилно постапила кога жалбата на тужителот ја уважила и во однос на трошоците на постапката одлучила на начин наведен во диспозитивот на оспореното решение. При тоа правилно Управниот суд оценил дека на сега тужителот му следува надомест само за трошоците во износ од 250,00 денари на име надомест на административна такса и износ од 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ од 9.000,00 денари на име адвокатски трошоци, кои се однесуваат за состав на жалба во износ од 6.000,00 денари и зголемување на адвокатската награда за 50% за состав на правен лек. Воедно, правилно Управниот суд го одбил барањето на тужителот за надомест на трошоци во врска со поведениот управен спор во вкупен износ од 10.380,00 денари, имајќи ја предвид одредбата од член 7-б од Законот за управните спорови, според кој во управниот спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие, како и предвид на исходот на спорот.

Имајќи го предвид наведеното Вишиот управен суд ценејќи ги жалбените наводи кои се однесуваат на начинот на пресметување на трошоците на постапката, оцени дека се неосновани и без влијание за донесување поинаква одлука.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци по жалба во износ од 22.640,00 денари од кои 21.840,00 денари за состав на жалба и 800,00 денари за судски такси за жалба, судот го одби како неосновано, согласно погоре цитираната одредба од член 7-б од Законот за управните спорови.

Предвид на наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 7-а од Законот за управните и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 11.05.2021 година под УЖ-2.бр.571/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

/МА